**Коалиција СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ Скопје**

**Финансиски извештаи**
**за годината што завршува на 31 декември, 2021**
**и**
**Извештај на независниот ревизор**

**Содржина:**


| | **страна** |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 1-2 |
| Извештај за приходи и расходи | 3 |
| Извештај за финансиска позиција | 4 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 5 – 19 |

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До раководството на**
**Коалиција СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ Скопје**

Извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на Коалиција СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ Скопје (во натамошниот текст: "Коалиција",) кои се состојат од извештај за финансиската позиција на 31 декември, 2021 година и извештај за приходите и расходите за годината што тогаш завршува, и преглед на значајни сметководствени политики и останати објаснувачки информации.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*
Раководството е одговорно за подготовка и објективна презентација на овие финансиски извештаи во согласност со македонската сметководствена регулатива што се применува, како и за интерни контроли за кои раководството смета дека се потребни за да овозможат подготвување на финансиски извештаи без материјални грешки, како резултат на измами или грешки.

*Одговорност на ревизорите*
Наша одговорност е да дадеме миислење за овие финансиски извештаи врз основ на нашата ревизија. Ние ја спроведовме ревизијата во согласност со објавените македонски Меѓународни стандарди за ревизија и македонскиот Закон за ревизија.Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и спроведеме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумна сигурност за тоа дека финансиските извештаи не содржат материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување во финансиските извештаи, настанати како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Коалицијата со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои се соодветни на околностите, но не со цел за изразување мислење за ефективноста на интерната контрола на Коалицијата. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и наразумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на сѐвкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*(Продолжува)*

Иван Аговски 1/2-1
1000 Скопје, Северна Македонија

Тел: 02 3094 014
office@revizijaculeva.com.mk
www.revizijaculeva.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До раководството на**
**Коалиција СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ Скопје**
**(Продолжение)**

*Мислење*
Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската позиција на Коалиција СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ Скопје на 31 декември, 2021 година, како и финансискиот резултат за годината што тогаш завршува, во согласност со македонската сметководствената регулатива што се применува, Законот за сметководство на непрофитните организации и Правилникот за непрофитни организации.

Исто така,потврдуваме дека Финансискиот извештај и Прегледот на документи за поддршка на Финансискиот извештај поднесени до Цивика мобилитас се во согласност со Договорот за институционален грант склучен со Македонскиот центар за меѓународна соработка, како и во согласност со документот-Финансиска ревизија и Документи за поддршка на финансискиот извештај.

*Обрнување на внимание*
Коалицијата ги води и подготвува своите финансиски извештаи врз основ на модифицирано евидентирање на деловните промени и трансакции, во согласност со Законот за сметководство на не-профитните организации (“Службен весник на Република Македонија” бр. 24/03 со пратечките измени) и Правилникот за не-профитни организации (“Службен весник на Република Македонија” бр.42/03 со пратечките измени.) Според одредбите на овој Закон, Коалицијата е обврзана да подготви и поднесе основни финансиски извештаи, што се состојат од Извештај за финансиска позиција, Извештај за приходи и расходи и белешки кон финансиските извештаи. Согласно наведеното, Коалицијата нема обврска да подготвува Извештај за готовинските текови.

**ТП РЕВИЗИЈА ЧУЛЕВА-Скопје**
**Соња Чулева**, *Управител*

**Соња Чулева**, *Овластен ревизор*

РЕВИЗИЈА ЧУЛЕВА Скопје

Sonja Chuleva

Digitally signed by Sonja Chuleva
DN: c=MK, ou=VAT - 5030006241640, 2.5.4.97=NTRMK-6152279, o=TP Revizija Chuleva-Skopje, serialNumber=169341, title=Ovlasten revizor, sn=Chuleva, givenName=Sonja, cn=Sonja Chuleva
Date: 2022.03.23 15:41:15 +01'00'

Скопје, 22 март, 2022 година

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**
**За годината што завршува на 31 декември, 2021**
**(Во Денари)**

| | Белешка | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од донации (Проекти) | 4 | 7,967,696 | 10,350,952 |
| Сопствени приходи | 5 | 90,275 | - |
| Останати приходи | 5 | 105,168 | - |
| Финансиски приходи | 9 | - | - |
| Пренесен дел на вишокот на приходите од расходи од предходна година | 5 | 1,439,559 | 3,675,952 |
| | | **9,602,698** | **14,026,541** |
| **Трошоци** | | | |
| Трошоци за вработените / ангажирани лица | 6 | (7,421,286) | (10,304,982) |
| Оперативни трошоци | 7 | (1,894,483) | (2,143,814) |
| Капитални расходи | 8 | (36,131) | (138,186) |
| Финансиски (расходи) | 9 | - | - |
| | | **(9,351,900)** | **(12,586,982)** |
| Остварени приходи над расходи за годината | | 250,798 | 1,439,559 |
| Покривање на загуба од минати години | | (13,563) | - |
| **Остварени приходи над расходи за пренос во наредна година** | | **237,235** | **1,439,559** |

*Придружните белешки на следните страни претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.*

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од раководството на Коалицијата на 3 март, 2022 година

Извршен директор,
**Натали Петровска**

Natali Petrovska
Digitally signed by Natali Petrovska
Date: 2022.05.25 11:01:54 +02'00'

Овластен сметководител,
**Наташа Грозданов**

Natasha Grozdanov
Digitally signed by Natasha Grozdanov
Date: 2022.05.26 07:52:39 +02'00'

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА ПОЗИЦИЈА**
**На 31 декември, 2021**
**(Во Денари)**

| | Белешки | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Материјални и нематеријални средства-нето | 10 | **367,185** | **514,320** |
| **Тековни средства** | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 11 | 258,357 | 1,545,006 |
| Останати краткорочни средства | 12 | - | - |
| Загуба за годината | | - | 13,563 |
| **Вкупно тековни средства** | | **258,357** | **1,558,569** |
| **ВКУПНИ СРЕДСТВА** | | **625,542** | **2,072,889** |
| **ФОНДОВИ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Фондови** | | | |
| Деловен фонд | 13 | 367,185 | 514,320 |
| **Вкупно фондови** | | **367,185** | **514,320** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 14 | - | - |
| Обврски за краткорочна позајмица | 14 | - | 101,662 |
| Обврски кон вработените | 14 | - | - |
| Останати обврски и пвр | 15 | 21,122 | 17,348 |
| Обврска за пренос на добивка во наредна година | 14 | 237,235 | 1,439,559 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **258,357** | **1,558,569** |
| **ВКУПНО ФОНДОВИ И ОБВРСКИ** | | **625,542** | **2,072,889** |

*Придружните белешки на следните страни претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.*

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од раководството на Коалицијата на 3 март, 2022 година

Извршен директор,
**Натали Петровска**

Natali Petrovska Digitally signed by Natali Petrovska Date: 2022.05.25 11:04:36 +02'00'

Овластен сметководител,
**Наташа Грозданов**

Natasha Grozdanov Digitally signed by Natasha Grozdanov Date: 2022.05.26 07:53:12 +02'00'

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2021**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Коалиција на здруженија на граѓани СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ Скопје (“Коалиција”) е основано како непрофитна организација на 12 мај 2003 година и е регистрирано во Централниот Регистар на Република Северна Македонија, односно во Регистерот на здруженија и фондации под ЕМБС број: 5782180.

***Седиште:*** ул.Македонија бр.11-2/10 Центар, Скопје

***Извршен директор:*** Натали Петровска

***Основачи***

1. Граѓанска асоцијација МОСТ-Скопје
2. Македонски правен ресурсен центар-Скопје
3. Здружение за заштита на правата на детето-Скопје
4. ПДАС Меѓаши-Скопје
5. Младински образовен форум-Скопје
6. Хелсиншки комитет за човекови права-Скопје
7. АСВИН-Скопје
8. Р.О.З.П.Р – Скопје
9. Граѓански патеки – Битола
10. Асоцијација за демократска иницијатива-Гостивар
11. Фемина-Куманово
12. ФПР АРКА Куманово
13. ЦДР-Тетово
14. Граѓански информативен центар Спектар-Штип
15. Совет за превентива против малолетничка деликвенција-Кавадарци
16. ПХУРТ-Делчево
17. Здружение за правата на Ромите-Штип
18. ФОКУС-Ресен

***УПРАВЕН ОДБОР***

Симонида Кацарска
Драги Змијанац
Љуљзим Хазири
Лазар Нанев
Вулнет Зенки

***НАДЗОРЕН ОДБОР***

Димитар Низамовски
Ардита Абази Имери
Ирена Велковска

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2021**

## *1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)*

### *ОРГАНИЗАЦИИ ЧЛЕНКИ*

1. Здружение за правата на детето – Скопје
2. Младински образовен форум – Скопје
3. Мултикултура, Тетово
4. Македонско здружение на млади правници – Скопје
5. Институт за европски политики – Скопје
6. Прва детска амбасада во светот Меѓаши - Скопје
7. Асоцијација за демократска иницијатива – Скопје
8. Здружение за критички пристап кон родот и сексуалноста Субверзивен Фронт - Скопје
9. Совет за превентива против малолетничка деликвенција – Кавадарци
10. Младински културен центар – Битола
11. Хуманитарно добротворно здружение на Ромите – МЕСЕЧИНА - Гостивар
12. Ромски едукативен центар АМБРЕЛА - Скопје
13. Здружение за правата на Ромите - Штип

***Приоритетна дејниост***: 94.99.Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место.

***Приоритетни цели на Коалицијата***
Главни приоритети и цели на Коалицијата се:
- Да го зголеми почитувањето на стандардите за правично судење пред домашните судови
- Да ја воспостави јавната доверба во правниот систем и судството воопшто
- Да ги идентификува наследените проблеми во судскиот систем и да укажува на потребата за правна и институционална реформа
- Да ја запознава јавноста со стандардите за правично судење и да ја засили довербата на граѓаните во функционирањето на судскиот систем
- Да ги намали можностите за несоодветен третман на страните во спорот од судиите и другите учесници во постапката и да обезбеди еднаков пристап до правдата.

***Тим на извршна канцеларија***
- Натали Петровска,Извршен директор
- Даниел Митковски, Финансиски и административен менаџер
- Дарко Аврамовски, Проектен координатор
- Ивана Петковска, Проектен координатор
- Лејла Тутиќ, Проектен координатор
- Анамарија Спасевска, Проектен координатор
- Емилија Спасовска, Проектен координатор
- Виолета Пероска, Финансиски асистент
- Бојана Ваневска, Проектен асистент

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2021**

## 1. *ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)*

***Изданија на Коалицијата***

- Мониторинг бриф (месечно издание)
- Мониторинг бриф на судски постапки поврзани со организиран криминал и корупција
- Правни и технички предизвици за воведување на онлајн судења
- Мерките за заштита од КОВИД-19 не смеат да го попречуваат правото на правично судење
- Долгиот пат до правдата во скратената постапка
- Финансиски пристап до правда во основните судови во Република Северна Македонија
- Прирачник првпат во суд насоки и препораки – Граѓанска постапка
- Прирачник првпат во суд насоки и препораки – Кривична постапка
- Студија на случај за предметот КОК-116/19 под кодно име „Рекет“
- Непристрасен суд низ перцепциите на јавноста
- Бранител во кривичната постапка
- Правото на подготовка на одбрана е едно од основните права на обвинетите кое што мора да биде загарантирано
- Блупринт група: Потребно е свикување на подготвителна седница или јавна расправа во Уставниот суд
- Блупринт група: Со пролонгирање на изборот на судии се доведе во прашање и ефикасноста и ефективноста на Судскиот совет при избор и разрешување на судии
- И тн.

***Анализи на Коалицијата***

- Влијанието на мерит системот врз судската независност и професионалност во Северна Македонија
- Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција
- Проценка на ризиците од корупција во областа на урбанизмот на локално ниво
- Практична примена на мерката конфискација во кривичните постапки во Република Северна Македонија
- Правен, финансиски и физички пристап до правда во основните судови во Република Северна Македонија

***Судско досие***

Платформа во која се наведени актуелни судски постапки со детални информации за нивниот статус.

На 31 декември, 2021: нема вработени (31 декември, 2020: 9 вработени.)

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2021**

### *1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)*

### *1.1 Проекти 2021/2020 година*

1. **Правен, финансиски и физички пристап до правда во основните судови во Р. Северна Македонија**

   Целта на овој проект е давање поддршка за подобрување на пристапот и квалитетот до правда со посебен фокус на граѓанските судски постапки и ранливи категории на граѓани (маргинализирани групи и лица со попреченост) во 4те апелациони региони: Скопје, Гостивар, Битола и Штип. Период на имплементација 01.06.2018-30.06.2021. Проектот е финансиран од Проектот на УСАИД за граѓанско учество. Во февруари 2021 година целите на проектот беа проширени и дополнети со нова компонента – евалуација на примената на мерката конфискација во кривичните предмети

2. **Мониторинг и зајакнување на капацитетите на институциите во борбата против организираниот криминал и корупција**
   Главната цел на проектот е да се даде придонес кон работата на институциите во борбата против организираниот криминал и корупција. Како проектни активности се: мониторинг и евалуација на транспарентноста и пристапноста на институциите кои се борат против организираниот криминал и корупцијата, мониторинг на Специјалното јавно обвинителство, Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Државната комисија за спречување на корупција во поглед на јавноста и транспарентноста, мониторинг на судски предмети од областа на организираниот криминал и корупција во Основниот суд Скопје 1 Скопје. Период на имплементација 28.12.2018-30.09.2021 година. Проектот е финансиран од Европската Унија

3. **Институционален грант Цивика Мобилитас**
   Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ Шведски развој АБ (ФЦГ Шведска). Цивика мобилитас го поддржува граѓанското општество во промовирање општествени промени во (стратешки) области, како што се добро владеење, децентрализација и развој на граѓанското општество.
   Период на имплементација на проектот: 01.07.2020 – 30.06.2022 година. Проектот е финансиран од програмата Цивика Мобилитас.

4. **Мерката притвор помеѓу домашната и европската пракса**
   Главната цел на овој проект е да влијае врз реформските процеси во судството од аспект на употребата на мерката притвор и останатите мерки за обезбедување на присуство, а во корелација со препораките на ЕУ и поглавјето 23.
   Главни проектни активности се следниве:
   Теренско истражување преку вршење увид во правосилно завршени судски кривични предмети
   Деск – истражување на статистички податоци за употреба на мерките за обезбедување присуство
   Подготовка на финална анализа
   Изготвување на промотивни брифови и инфографици
   Реализација на јавен настан за промоција на наодите и препораките
   Период на имплементација на проектот: 01.11.2020 – 30.04.2021. Проектот е финансиран од страна на Фондацијата Отворено општество – Македонија.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2021**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)

### 1.1 Проекти 2021/2020 година

5. **Евалуација на стандардите за фер судење и пристап до правдата во судски предмети за семејно насилство и криминал од омраза**
Коалицијата „Сите за правично судење“ започна со имплементација на проектот „Евалуација на стандардите за фер судење и пристап до правдата во судски предмети за семејно насилство и криминал од омраза“ во времетраење од јануари 2020 до јануари 2021, поддржан од Кралство Шведска преку Шведската агенција за развој и соработка, доделена преку „Нориската поддршка за развој на Северна Македонија“, проект имплементиран од страна на Канцеларија на Обединети нации за проектни услуги (УНОПС). Главниот фокус на овој проект е да се продолжи со процесот на набљудување и евалуација на судските постапки и пристапот до основните човекови права, со цел да се подобри реформскиот процес на кривично-правниот систем според критериумите за пристапување во ЕУ, утврдени во Поглавје 23. Или поконкретно, во нашиот фокус ќе бидат судските постапки и пристап до правдата во случаите на семејно насилство и криминал од омраза, како и зголемувањето на јавност и транспаретноста на судските постапки.

6. **Корупција? Не во мојата општина!**
Период на реализација на овој проект е од јуни 2021 до март 2021. Коалицијата Сите за правично судење започна со имплементација на проектот „Корупција? Не во мојата општина!“ со финансиска поддршка од Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави (УСАИД). Општа цел: Зајакнувањето на граѓанското учество во борбата против корупција на локално ниво Краткорочни цели: Да се зајакнат капацитетите на граѓаните за борба против корупција; Да се овозможи простор за унапредување на соработката помеѓу граѓаните и локалната самоуправа;

7. **Зајакнување на капацитетите на истражувачките новинари во областите од Поглавјето 23, а со фокус на правосудството**
Коалицијата „Сите за правично судење“ во соработка со Фондација Отворено општество-Македонија започна со имплементација на проектот „Зајакнување на капацитетите на истражувачките новинари во областите од Поглавјето 23, а со фокус на правосудството“ во времетраење од 1 септември 2020 до 30 јуни 2021 година, со финансиска поддршка од Фондацијата Отворено општество Македонија.
Цели на проектот:
Зајакнување и унапредување на капацитетите на новинарите во областите од Поглавјето 23, а со фокус на правосудството, со што ќе се придонесе во објективно и непристрасно информирање на јавноста и документирање на исполнувањето на обврските на земјата и спроведените реформски процеси, како предуслов за пристапување на РСМ кон ЕУ
Зајакнување на соработката помеѓу граѓанските организации и новинарите
Подигнување на општата јавна свест за темите од областа на правосудството и нивното значење и влијание

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2021**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)

### 1.1 Проекти 2021/2020 година

8. **Влијанието на мерит системот врз судската независност и професионалност во Северна Македонија**
   Коалицијата на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ со финансиска поддршка од Амбасада на САД во Северна Македонија, го спроведува проектот „ Влијанието на мерит системот врз судската независност и професионалност во Северна Македонија“ во периодот од 01.09.2020 до 30.09.2021 година.
   Општа цел: Придонес кон подобрување на функционалната независност и професионалност на судството со поддршка на практичното спроведување на системот на заслуги за назначување, унапредување, дисциплинска одговорност и разрешување на судии.
   Посебни цели: Поддршка на процесот на реформи во судството преку спроведување на детално истражување, следење и проценка на ефектите на процесот на реформи врз работата на Судскиот совет и Академијата за судии и јавни обвинители;
   Подигање на нивото на јавна критика, особено кај експертската јавност (правни практичари, професори по право, претставници на надлежни институции и специјализирани невладини и граѓански организации) во врска со назначување, унапредување, дисциплинска одговорност и разрешување на судии.

9. **Мониторинг на судски постапки во основните судови во Република Северна Македонија**
   Коалицијата „Сите за правично судење“ со финансиска поддршка од Владата на Република Северна Македонија го спроведува проектот „ Мониторинг на судски постапки во основните судови во Република Северна Македонија“. Целта на проектот е да се поддржи судската реформа насочена кон целосно исполнување на критериумите утврдени во Поглавјето 23 преку проценка на ефективноста на кривичната и граѓанската правда во основните судови и следење на практичното спроведување на процесните гаранции утврдени во Законот за кривична постапка и парничната постапка, како и меѓународно прифатени стандарди за правично судење. Проектот се спроведуваше од 01.08.2021 до 31.12.2021 година.

10. **Зајакнување на капацитетите на локалната самоуправа за управување со човечки ресурси**
    Коалицијата на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ го спроведува проектот „ Зајакнување на капацитетите на локалната самоуправа за управување со човечки ресурси“ доделен преку Институт за европска политика – Скопје (ЕПИ), со финансиска поддршка од Европска Унија. Проектот ќе се спроведува во рамки на проектот WeBER 2.0 Зајакнување на граѓанското општество од западниот Балкан за реформирана јавна администрација во периодот од 01.06.2021 до 31.03.2022 година. Општата цел на проектот е подобрување на процесот на вработување во јавната администрација, како предуслов за обезбедување подобар квалитет на услугите кон граѓаните.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2021**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (Продолжение)

### 1.1 Проекти 2021/2020 година

11. **Безбедност на човекот и границите – Борба против криумчарење со мигранти во Западен Балкан**
Општата цел на овој проект е поддршка на реформските процеси во однос на имплементацијата на меѓународните стандарди за човекови права на мигрантите во Северна Македонија. Проектот е имплементиран во период од август 2021, до месец јануари 2022 година. Спроведувањето на проектот е овозможено со финансиска поддршка од страна на Европската унија.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2021**

## 2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### 2.1 Основи за подготовка

Финансиските извештаи на Коалицијата се подготвени во согласност со Законот за сметководство на не-профитните организации, со цел да обезбедат вистинско и објективно презентирање на позициите во билансот на состојба, салдата на средства, обврски, извори на средства, приходи и расходи и резултати од оперативното работење. Финансиските извештаи на Коалицијата се подготвени во согласност со македонската законска регулатива апликативна за работењето на непрофитните организации, Законот за сметководство на непрофитните организации (“Службен весник на Република Македонија” бр.24/03 со пратечките измени) и Правилникот за не-профитни организации (“Службен весник на Република Македонија” бр. 42/03 со пратечките измени.)

Финансиските извештаи на Коалицијата се искажани во македонски Денари (“МКД.”) Сите износи во финансиските извештаи и придружните белешки се искажани во Денари, освен доколку не е поинаку кажано.

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Сметководствените политики применети во подготовката на овие финансиски извештаи се прикажани во натамошниот текст на овој извештај. Коалицијата задолжително ги применува овие политики на конзистентна основа.

### 3.1 Признавање на приходите и расходите

Признавањето на приходите и расходите е утврдено со член 13 од Законот за сметководство на непрофитни организации (“Службен весник на Република Македонија”бр. 24/03 со пратечките измени) и член 18 од Правилникот за непрофитни организации (“Службен весник на Република Македонија”бр.42/03 со пратечките измени) според кое признавањето на приходите и расходите се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции. Тоа значи дека приходите и расходите се признаваат во пресметковниот период во кој настанале, според критериумот на расположивост. Приходите и расходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите и расходите се расположиви кога се остварени (наплатени / платени) во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов да се однесуваат на пресметковниот период и да служат како покритие на побарувањата/обврските во тој пресметковен период. Признавањето се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

***Останати приходи (Приходи од давање на услуги)***
Приходот од давање на услуги се признава за време на периодот во кој корисниците платиле за добиените услуги.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2021**

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 3.2 Трансакции во странски валути

Трансакциите деноминирани во странски валути се искажуваат во Денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Северна Македонија, кои важат на денот на трансакцијата.
Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажуваат со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составување на Билансот на финансиска позиција.
Нето износот на позитивните и негативните курсни разлики се искажуваат во Извештајот за приходи и расходи во периодот кога настанале.

### 3.3 Оданочување

Во согласност со одредбите на Законот за данок на добивка, не-профитните организации се иземени од плаќање данок на приходите генерирани од добиени членарини, спонзорства и донации, кои се добиени и се наменети за остварување на однапред утврдени цели.
За годината што завршува на 31 декември 2021, тековен данок од 1% се плаќа на генерирани приходи од самостојно работење за износ над Ден 1,000 илјади.

### 3.4 Опрема и софтвер

Опремата и софтверот, доколку ги има, се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност се состои од фактурна вредност големена за износот на царини, транспорт, шпедиција, осигурување и тн, односно од трошоци кои директно се однесуваат на набавната вредност на односното средство. Вредноста на средството во моментот на набавка се евидентира како трошок во Билансот на приходи и расходи (ако се купени со сопствени средства) и како зголемување на Деловниот фонд.
Материјалните и нематеријалните средства се депрецираат со праволиниски стапки, во еднакви месечни износи кои одговараат на употребниот век на користење на средството. Износот на амортизацијата за донираните средстав се евидентира преку намалување на Деловниот фонд.

Годишни стапки на депрецијација:

| | |
|---|---|
| Опрема | 10%-20% |
| Мебел | 16% |

### 3.5 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од пари во банка и пари во благајна.

Парите во благајна и парите на банкарски сметки во Денари, се водат по номинална вредност, а парите во странска валута се претвораат во денари според според курсот кој важи на денот на трансакцијата утврден од страна на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на известување.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2021**

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 3.6 Обврски кон добавувачи и други обврски

Обврските кон добавувачи и другите обврски се водат според нивната објективна вредност на денот на нивното иницијално признавање, а потоа се мерат според амортизираните трошоци.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2021**

## 4. ПРИХОДИ ОД ГРАНТОВИ (ПРОЕКТИ)

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | 31 декември, | |
| | 2021 | 2020 |
| Приходи од донации (Проекти 1.1) | 7,967,696 | 10,350,589 |
| | **7,967,696** | **10,350,589** |

## 5. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | 31 декември, | |
| | 2021 | 2020 |
| Пренесен дел на приходи од минати години | 1,439,559 | 3,675,952 |
| Приходи од сопствено работење | 90,275 | - |
| Останати приходи | 105,168 | - |
| | **1,635,002** | **3,675,952** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2021**

## 6. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ (Ангажирани лица)

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | 2021 | 2020 |
| Бруто плати | 686,069 | 2,264,186 |
| Надоместоци за лица ангажирани во проекти | 6,735,217 | 8,040,796 |
| Дневници за службени патувања | - | - |
| | **7,421,286** | **10,304,982** |

## 7. ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | 2021 | 2020 |
| Канцелариски материјали | 603,070 | 452,075 |
| Енергија (струја & гориво) | 71,898 | 82,061 |
| Разни услуги од оперативно работење | 44,825 | 253,352 |
| Телефонија/поштански | 100,540 | 16,690 |
| Реклама и репрезентација | 51,047 | 65,286 |
| Наемнина | 303,900 | 363,438 |
| Провизија за платен промет | 79,321 | 91,113 |
| Осигурување | 125,214 | 131,006 |
| Членарини | - | 15,450 |
| Интелектуални услуги | 238,825 | 233,080 |
| Пренесени средства на други субјекти | - | 110,301 |
| Останати оперативни расходи | 275,843 | 329,962 |
| | **1,894,483** | **2,143,814** |

## 8. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | 2021 | 2020 |
| Набавена опрема | 36,131 | 138,186 |
| | **36,131** | **138,186** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2021**

## 9. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ / (РАСХОДИ)-нето

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | 2021 | 2020 |
| Приходи од камати | - | - |
| Расходи за камати | - | - |
| Приходи од курсни разлики | - | - |
| Расходи од курсни разлики | - | - |
| | - | - |

## 10. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (Материјални и нематеријални средства-нето)

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | 2021 | 2020 |
| Почетно салдо | 514,320 | 508,086 |
| Нови набавки | 37,931 | 138,186 |
| Тековна амортизација | (185,066) | (21,651) |
| Пренос на основни средства на друго Здружение | - | (110,301) |
| | **367,185** | **514,320** |

## 11. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | 2021 | 2020 |
| Парични средства во банки - Денари | 258,357 | 1,534,610 |
| Бонови за гориво | - | 10,396 |
| | **258,357** | **1,545,006** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2021**

## 12. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ СРЕДСТВА

| | Во Денари | |
|---|---|---|
| | на 31 декември, | |
| | 2021 | 2020 |
| Побарувања за платени даноци и придонеси | - | - |
| Останати побарувања | - | - |
| | - | - |

## 13. ДЕЛОВЕН ФОНД- Движење (Во Денари)

| | Деловен Фонд |
|---|---|
| **На** | |
| **1 јануари, 2021** | **514,320** |
| Нови набавки | 37,931 |
| Тековна амортизација | (185,066) |
| **На** | |
| **31 декември, 2021** | **367,185** |
| **На** | |
| **1 јануари, 2020** | **508,086** |
| Нови набавки | 138,186 |
| Тековна амортизација | (131,952) |
| **На** | |
| **31 декември, 2020** | **514,320** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември, 2021**

## 14. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

| | Во Денари<br>на 31 декември,<br>2021 | <br><br>2020 |
|---|---|---|
| Обврски кон добавувачи | - | - |
| Обврски за краткорочни позајмица | - | 101,662 |
| Обврски кон вработените | - | - |
| Обврска за пренос на добивка во наредна година | 237,235 | 1,439,559 |
| | **237,235** | **1,541,221** |

## 15. ОСТАНАТИ ОБВРСКИ И ПВР

| | Во Денари<br>на 31 декември,<br>2021 | <br><br>2020 |
|---|---|---|
| Останати обврски | - | - |
| ПВР | 21,122 | 17,348 |
| | **21,122** | **17,348** |

## 16. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви употребени за деноминација на 31 декември 2021 и 2020 година се следни:

| | **31 декември, 2021** | **31 декември, 2020** |
|---|---|---|
| EUR | 61,6270 | 61,6940 |
| USD | 54,3736 | 50,2353 |